# ПСМ БИЛТЕН

*- креираме иднина за младите во Македонија*

Септември 2007

Број 4

**Наслови:**

- Официјално отварање на ПСМ Инкубаторот
- Трите фирми - станари во Инкубаторот

## Официјално отварање на ПСМ Инкубаторот

Почитувани,

Се надеваме дека имавте незаборавен одмор и дека сите сте повторно на вашите работни места за да ве информираме за последните новости од ПСМ Инкубаторот во Скопје. Ние сме среќни да објавиме дека на 27-ми септември во 9 часот ќе се случува официјалното отварање на ПСМ Инкубаторот. На овој настан ќе го претставиме ПСМ Инкубаторот и активностите како и првите станари и нашите донори, СИНТЕФ и ФИООМ кои помогнаа оваа приказна успешно да се развива и трае притоа придонесувајќи кон развојот на претприемничкиот дух меѓу младите во Македонија.

Исто така, гордо изјавуваме дека само за три месеци работење успеавме да ја достигнеме бројката од пет станари на кои успешно им помагаме и ги поддржуваме во креирањето на нивните успешни приказни. Во претходниот билтен ви ги претставивме првите две, а во овој останатите три фирми - станари Адџаст, Иновејшн и Малина Нет.

Ве покануваме на официјалното отворање за заедно да го прославиме почетокот на приказна која ќе им помогне на младите во остварувањето на своите сништа.

*ПСМ Фондација*

## Трите фирми-станари во Инкубаторот

### АДЏАСТ

***Дизајн на интегрални кола (VLSI)***



Адџаст е напредна hi-tech компанија која нуди разни услуги во областа на дигиталниот VLSI (Very Large Scale of Integration) дизајн на интегрални кола. Александар Симевски и Никола Секуловски се во фаза на воспоставување релации со некои компании за започнување на нивниот иновативен бизнис и здобивање со искуство, референци и кредибилитет. Ги разгледуваат можностите за соработка во форма на outsourcing за други компании, дел од поголеми дизајнерски тимови или како самостојни дизајнери за проектирање на целосни интегрални кола или делови од нив.

***Официјално отварање на Инкубаторот - 27-ми септември, 9:00***

### МАЛИНА НЕТ

**Консалтинг компанија која нуди иновативни ИКТ решенија базирани на слободен софтвер**



Дизајн и имплементирање и развој на иновативни, сигурни и исплатливи информациони системи базирани на слободен софтвер и софтвер со отворен код (FOSS) е мисијата на компанијата Малина Нет. Фокусот на развој ќе биде во правец на задоволување на потребите на македонските мали и средни претпријатија вклучувајќи комплетна систем интеграција. Паралелно на тоа, тимот ќе развие стратегија за влез на глобалните специјализирани пазари.

Малина Нет ќе го збогати пазарот со:

* Обезбедување на сигурни и исплатливи решенија базирани на слободен софтвер
* Испорачување на квалитетна поддршка и обуки
* Развој на моделот на Application Service Provider
* Локален развој и локализација
* Консолидација, виртуелизација и миграција на ИКТ системите
* Истражување и развој на иноватив ни апликации интересни за спе цијализирани пазари на светско ниво
* Позиционирање како активен чи нител во изградбата на македон ско информациско општество

### ИНОВЕЈШН

***Тренинг центар и развој на софтвер за планирање на ресурси за мали и средни претпријатија***

Иновејшн е нова фирма на ИКТ пазарот која има за цел развој на високо адаптибилен, конфигурабилен и лесно проширлив софтвер кој ќе им овозможи на компаниите лесно да ги документираат и автоматизираат своите интерни процеси. Целната група се малите и средни претпријатија од глобалниот и локалниот пазар.



Следејќи го светскиот тренд за активно да учествуваат во општеството базирано на знаење, Иновејшн ги диверсифицира своите активности преку основање на тренинг центар за млади (студенти, потенцијални вработени) во кој тие ќе се здобијат со потребното ИКТ знаење и вештини потребни за новата, идна економија базирана на знаење.

**Адреса:**
**ПСМ Фондација**
**Архимедова 6б**
**1000 Скопје**

**Контакт:**
**Тел: +389(0)2 3103 660**
**Факс: +389(0)2 3103 670**
**веб страна:**
**www.yesincubator.org.mk**

Поддржано од Владата на Норвешка и во соработка со Владата на Р Македонија